„Кој, на еден верник, ќе му олесни неволја од неволјите на овој свет, Аллах ќе му олесни неволја од неволјите на Судниот ден

Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Кој, на еден верник, ќе му олесни неволја од неволјите на овој свет, Аллах ќе му олесни неволја од неволјите на Судниот ден. Кој ќе му помогне на оној што се наоѓа во тешка положба, Аллах ќе му помогне и на дуњалукот и на Ахиретот. Кој ќе го покрие муслиманот, Аллах ќе го покрие и на дуњалукот и на Ахиретот. Аллах му е на помош на својот роб сè додека тој му е на помош на својот брат. Кој ќе тргне по патот на барањето знаење, Аллах ќе му го олесни патот кон Џенетот. И нема да се соберат луѓе во некоја од Аллаховите куќи – читајќи ја Аллаховата Книга и изучувајќи ја меѓу себе – а врз нив да не се спушти смиреност, да не бидат обземени со милост, да не ги опкружат мелеците и Аллах да не ги спомне меѓу оние што се кај Него. А оној кого делата ќе го забават – неговото потекло нема да го забрза.“

[صحيح] [رواه مسلم]

Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, појаснил дека наградата што Аллах му ја дава на муслиманот е од иста природа како и неговото однесување кон другите верници. Затоа, оној што ќе му олесни неволја, потешкотија или мака на некој верник во овој свет, Аллах ќе му олесни една од неволјите на Судниот ден. Оној кој ќе му олесни некому што е во тешка положба, ќе му ја ублажи маката и ќе му ја отстрани тешкотијата – Аллах ќе му олесни и на дуњалукот и на Ахиретот. И кој ќе го покрие муслиманот – на пример, ако дознае за нешто од неговите грешки и слабости што не треба да се обелоденуваат – Аллах ќе го покрие и него и на дуњалукот и на Ахиретот. Аллах му помага на Својот роб, сè додека тој му е на помош на својот брат – било во верските или овоземните потреби. Помоштa може да се укаже преку дова, телесно, со имот или на кој било друг начин. И кој ќе тргне по патот на учењето на шеријатско знаење, со искрена намера барајќи го Аллаховото лице – Аллах ќе му го олесни со тоа патот кон Џенетот. И нема да се соберат луѓе во некоја од Аллаховите куќи – читајќи ја Аллаховата Книга и изучувајќи ја меѓу себе – а врз нив да не се спушти смиреност и спокој, да не бидат обземени и опфатени со милост, да не ги опкружат мелеците, и Аллах да не ги спомне на блиските што се кај Него. А доволна почест за робот е тоа што Аллах ќе го спомне во возвишеното друштво. А оној чии дела се нецелосни, нема да може да го достигне степенот на оние што имаат дела. Затоа, не треба да се потпира на чесното потекло и доблеста на своите предци, а притоа да ги запоставува делата.

